Funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија

Co-funded by the European Union

Кофинансирано од Европската Унија

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ТРЖИШЧЕ

**Број на проектот**: 2025-1-MK01-KA121-SCH-000332738

**Тип на активност на мобилноста:** Job shadowing

**Период на активноста на мобилноста:** 30.3.2026 – 4.4.2026

**Организација испраќач:** ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“ - Скопје

**Организација домаќин:** OSNOVNA ŠOLA TRŽIŠČE

**Место:** Тржишче

**Земја:** Словенија

**Учесници:** Татјана Таневска – наставничка по Музичко образование; Верица Неделкоска – наставничка по Македонски јазик; Горјана Нацев, Катја Самојленко, Веда Спасовиќ, Луна Гирова, Илина Голабовска, Анѓела Колевска – ученици.

**Проектот** 2025-1-MK01-KA121-SCH-000332738, како дел од Еразмус+ програмата, започна со нашето пристигнување во Љубљана, околу пладне, до каде што допатувавме со авион. Претставничката на училиштето-домаќин, г-ѓа Магда Флајс, нè пречека на аеродромот и оттаму заминавме со обезбедениот трансфер кон Тржишче, во областа Долењска. Бевме сместени во околината на Тржишче, во живописна природа, со зелени површини, лозови насади и чиста околина. Објектот беше изграден од дрво и природни материјали, како и околните куќи и викендички во чиишто дворови луѓето си одгледуваат органско овошје и зеленчук, кози или крави, си произведуваат млеко и млечни производи за домашна употреба. Од овие примери од непосредното опкружување, и ние, и учениците, имавме можност да видиме и да научиме како луѓето живеат во хармонија со природата, како се грижат за неа и како уште од најмала возраст учат како да си произведуваат храна и максимално да ги искористат природните ресурси без притоа да ѝ наштетат на природата.

**ПРВ ДЕН – 30.3.2026.**

Како што ни беше кажано, точно во 6:30 по нас дојде училишното комби со коешто секој ден патувавме до училиштето и назад и на тој начин имавме можност да видиме како е организиран превозот на ученици во Словенија. Секој ден во истото време, ниту еден ден на задоцни превозот, ниту пак некој од учениците (вклучувајќи нѐ и нас). Добар пример и илустрација на ажурноста и одговорноста на луѓето и на системот во оваа држава.

Програмата за добредојде во Основното училиште во Тржишче започна со настап на училишниот бенд. Наставничката по Музичко образование – на бас-гитара, по еден ученик на перкусии, гитара и на хармоника. Разбравме дека хармониката е традиционален инструмент во тој регион и дека многумина ученици знаат да свират на хармоника.




Потоа следуваше детална обиколка на училиштето преку која се запознавме со сите одделенија. Во училиштето учат 116 ученици од прво до деветто одделение. Училиштето е старо повеќе од 120 години, а старата зграда била целосно срушена и потоа од темел била изградена новата училишна зграда, во 2015 година.

Ја посетивме училишната библиотека која е доста пространа, со убаво уредени полици, маси и столчиња за читање и пишување, удобни фотелји и катче за медијатека – каде што проследивме информативно видео за образовниот систем во Република Словенија.

На часот по словенечки јазик нашите ученици имаа опсежна презентација на културата и обичаите во Македонија, како и на нашето училиште. Потоа имаше групна активност преку којашто учениците учеа нови зборови, на македонски и на словенечки јазик, научија за Рацин и Прешерн, за хармониката и гајдата, за Кире Лазаров и за Лука Дончиќ. Учејќи за сличностите и различностите, увидовме дека подобро се разбираме кога знаеме повеќе едни за други.

**ВТОР ДЕН – 1.4.2026**

Веднаш по појадокот во училишната менза, започна заедничката проба на хорот на училиштето од Тржишче и на членовите на Мандолинскиот оркестар од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ од Скопје. Чувството да се слушаат и гледаат младите хористи и мандолинците како заеднички ги пеат и свират „Македонско девојче“ и „Лепа Анка“ беше повеќе од задоволство. Околу пладне, во училишниот хол, се одржа заедничкиот концерт, пред сите ученици и наставници. Аплаузот и реакциите на присутните покажаа дека ваквата музичка симбиоза е одличен начин да се прошират културните видици, но и истовремено да се доближат народите од Европа.





На македонскиот штанд што го подготвија нашите ученици, домаќините од Словенија имаа можност да ги почувствуваат вкусовите на македонската храна и да научат повеќе за нашата култура и традиција.

Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија

**ТРЕТ ДЕН – 2.4.2026**

Овој ден беше резервиран за екскурзија до Блед и Бледското Езеро. Бевме група од 54 ученици и наставници од училиштето во Тржишче. Целата тура беше водена од туристички водич, кој објаснувањата ги даваше и на словенечки и на англиски јазик. До стариот град (тврдината) дојдовме со автобус. Интересна беше посетата на една од најстарите печатници во Европа, каде што е отпечатен првиот словенечки Абецедар. Потоа имавме пешачка тура околу езерото на којашто се запознавме со флората и фауната во и околу езерото, со спортските активности што се практикуваат во тој дел од Словенија, научивме дека веслањето, хокејот и уметничкото лизгање се трите најпопуларни спортови во Блед. По пешачката тура, со кајчиња стигнавме до островот. Таму се запознавме со легендата за ѕвоното што ги исполнува желбите и со историјата на тој крај. Освен уживањето во убавите предели и рекреацијата, оваа екскурзија ни овозможи подобро да се запознаеме и да се дружиме со наставниците и со учениците од Тржишче.







Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија

**ЧЕТВРТИ ДЕН – 3.4.2026**

Овој ден го одбележаа две активности. На часот по историја за деветто одделение имаше групна истражувачка работа во врска со патот кон независноста на Словенија и на Македонија, при што учениците се потсетија и заклучија дека двете држави имаат период на заедничко минато и дека нашите држави ги поврзуваат не само музиката, спортот, културата, туку и историјата и јазиците кои потекнуваат од истото јазично семејство.

Особено интересни за учениците, секако и за наставничките, беа часовите за готвење. Во текот на процесот на приготвување традиционално словенечко печиво (плетенка) – замесување, стасување на тестото, месење, обликување... учениците имаат можност да работат тимски, да се договараат и да си помагаат, да покажат трпеливост и да искажат задоволство од успешно завршената работа. Во очи на празникот Велигден, научија традиционална техника на вапцање јајца – со лушпи од кромид и декорирање со природни материјали – листови од растенија. Секој ученик си украси по едно велигденско јајце, а резултатот беше општо задоволство од плодовите на заедничкиот труд.

Додека се печеа печивата, цртавме на плочки кои во Словенија се користат како украс на пчелините сандаци, но и како обележувач според кој пчелите си ги препознаваат пчеларниците. Потоа си ги разменивме плочките и меѓусебно си ги потпишавме.

Попладнето имавме уште една несекојдневна можност – да посетиме музеј на „козовци“ (објекти во кои се сушело и складирало сеното) и таму изработувавме дрвени орнаменти. Оваа посета ни овозможи да научиме повеќе за традицијата во Словенија, но и за тоа како треба да се грижиме за да ја зачуваме од заборав.





Funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија

Co-funded by the European Union

Кофинансирано од Европската Унија

**ПЕТТИ ДЕН – 4.4.2026**

По појадокот, присуствувавме на час по хемија на кој изработувавме групен проект. Некои ученици изведуваа експерименти, а други водеа евиденција за хемиските реакции.

Како што нè дочекаа нашите домаќини од Словенија, срдечно и пријателски, така и нè испратија доделувајќи ни ги сертификатите за учество во овој проект.

**ЗАКЛУЧОК**

Учеството во проектот 2025-1-MK01-KA121-SCH-000332738 во рамките на програмата Еразмус+ претставуваше исклучително значајно искуство за сите учесници. Преку директна соработка, размена на знаења и заеднички активности со училиштето-домаќин, имавме можност да ги унапредиме нашите професионални компетенции, да се запознаеме со нови наставни практики и да ги споредиме образовните системи.

Особено вредни беа искуствата поврзани со интеркултурната размена, кои придонесоа за развивање толеранција, разбирање и почитување на различностите, но и за зајакнување на свеста за заедничките европски вредности. Учениците, преку активно учество, стекнаа нови знаења, вештини и пријателства, што претставува непроценливо богатство за нивниот понатамошен развој.

Проектот не само што ги исполни поставените цели, туку отвори нови можности за идни соработки, поттикнувајќи нè да продолжиме со примена на стекнатите искуства во наставната практика и да придонесеме кон создавање поквалитетно и поиновативно образование.



Одговорни наставници: Татјана Таневска и Верица Неделкоска